**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО ДОПОЛНИТЕЛЕН РАБОТЕН ОДНОС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ – БАС ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК**

Со одлуката за формирање на Рецензиската комисија за избор на наставници во насловно звање во дополнителен работен однос на Висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски - БАС Скопје, за наставната област Италијански јазик од 15.09.2016 година, определени сме за членови на Рецензиската комисија.

Со одлуката од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот и по нивното проучување, Рецензиската комисија, во состав:

1. Проф. д-р Радица Никодиновска, професор на Филолошки факултет, Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје
2. Виш лектор д-р Маја Милевска Кулевска, виш лектор на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје.
3. Проф. д-р Гордана Тасевска, професор на висока стручна школа на Бизнис академија Смилевски – БАС, одделение за дисперзирани студии во Битола.

има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. Преглед на пријавените кандидати**

На конкурсот за избор на наставници на БАС, објавен во Нова Македонија на 31.08.2016 година со рок за пријавување 8 дена од денот на негово објавување за наставната област Италијански јазик, пријавени се вкупно 1 кандидат:

**1. М-р Дијана Виденовиќ**

Кандидатот ги исполнува основните услови и успешно ја помина постапката за хабилитација и врз на тоа во продолжение се дава приказ и оценка на остварувањата на кандидатот м-р Дијана Виденовиќ.

**II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатите**

1. **М-р Дијана Виденовиќ**

**А) Образовен развој**

М-р Дијана Виденовиќ е родена на 30.09.1979 година во Скопје. Своето високо образование го започнува на Филолошкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, на катедрата за италијански јазик и книжевност, при што во 2005 година се стекнува со звањето Професор по италијански јазик и книжевност. Вториот циклус на студии ги продолжува на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет на УКИМ во Скопје и во 2013 година се стекнува со звањето Магистер по менаџмент во образование.

**Б) Стручно усовршување на кандидатот**

Кандидатот континуирано се усовршува во областа во која конкурира и ги има реализирано следниве студиски престои:

- 2000 - 2-месечен престој во Џемона, Италија, испратена како стипендист од Филолошкиот факултет во Скопје, за усовршување на италијанскиот јазик во "Laboratorio internazionale della comunicazione"
- 2001-2002 - 9-месечен престој во Милано,Италија посетувајќи часови за усовршување на катедрата за културно-лингвистичка медијација на Универзитетот во Милано;
- Јули-август 2008 - Перуџа, Италија- семинар за усовршување на професори по италијански јазик кои предаваат во странство,испратена како стипендист на Италијанската Амбасада во Скопје

**В) Кариерен развој**

Кариерниот развој на м-р Дијана Виденовиќ се одвива според следнава хронологија:

- 1992-2002 – Хонорарен новинар и водител во Македонската Телевизија во културно-образовната редакција (подготвување на прилози и водење во живо на емисијата „Пулсирање", со едукативен и мултикултурен карактер);
- 2003 - Кореcподент по италијански јазик (пишувана, устна кореcподенција со Италија и водење на симултани преводи) во фирмата „АЛ-ИМПЕКС", Скопје;
- 2004-2005 - Кореcподент по италијански јазик и раководител на секторот увоз-извоз (директна деловна кореcподенција со италијански фирми, симултани преводи, организирање и раководење на увозно-извозниот сектор и подготвување на тековни извештаи во македонско-италијанската фирма „АДИ ТРЕИД", Скопје;

- 2005-2006 - Професор по италијански јазик во приватниот центар за странски јазици „ХЕРЦ“, Скопје (реализирање на индивидуални и групни часови на слушатели од сите нивоа на познавање на јазикот);
- 2009-2010 - Професор по италијански јазик во средното приватно училиште „Петта приватна гимназија“, Скопје;
- 2009-2014 - Раководител на настава на гимназиските паралелки и професор по италијански јазик во СГГУ „Здравко Цветковски“, Скопје
- Во 2009 год. го воведов Проектот за мир во Македонија и станав главен координатор за нашата држава. Во рамките на проектот, во 2010 и 2011 год. училиштето под мое менторство го освојува II место и добива специјално признание за ангажманот и постигнувањата во Проектот за мир во конкуренција со училишта од целиот свет. Се грижам за квалитетно одвивање на наставните и вонnаставните активности во училиштето и за соодветно прилагодување и имплементација на реформите во гимназиското образование со кои би се постигнала поуспешна настава и реализација на наставните планови и програми.
- 2014 – во тек - *Професор по италијански јазик* во СГГУ „Здравко Цветковски“ и СУГС „Георги Димитров“, Скопје.

**III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија**

Врз основа на приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатот и неговите досегашни остварувања, како и врз основа на позитивните резултати добиени од хабилитационата постапка, кандидатот ги исполнува основите и посебните услови за избор во насловно звање за наставната област Италијански јазик.

Затоа Рецензиската комисија со задоволство му предлага на Наставничкиот совет на БАС, кандидатот м-р Дијана Виденовиќ да го избере во дополнителен работен однос, како наставник во насловно звање ***Лектор во наставната област Италијански јазик.***

РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Радица Никодиновска

2. Виш лектор д-р Маја Милевска Кулевска

3. Проф. д-р Гордана Тасевска